Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за социјална политика, демографија и млади** | **Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

MQS

- ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА –

Оддел за административни и помошно-технички работи

Датум: 12.06.2025 год.
Архивски бр. 1301-3333/2

ДО:

ПРЕДМЕТ: Одговор на барањето од службеното лице за подготовка на информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

**Врз основа на Вашето барање на информацијата, согласно член 8 став 3** од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.101/2019), и процедурата за постапување по прием на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ви доставуваме информација по Барањето доставено до ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово од

**Забелешка:** ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово Ви доставува одговор на барање поднесено по е-меил, а Ве известува Вашето барање да биде адресирано до Министерство за социјална политика, демографија и млади.

Во Прилог:
Решение со одговор на Ваше барање

Одговорна служба/ лице | В.Д. Директор

Јелена Спасевска | Erdi Mehmeti

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа
Enti publik qendra ndërkomunale për punë sociale e qytetit
Бр.-Nr. 1301-3333/1
12.06. 2025 год.-vit/e.
Куманово - Kumanovë

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [illegible] поднесено на ден 11.06.2025г., имателот на информацијата ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

Барањето од [illegible] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: 1.Колку средства биле планирани да се издвојат во буџетот на Центарот за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејното насилство во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)

2. Колку средства биле реализирани за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
3. Кои даватели на социјални услуги сте ги финансирале за обезбедување на услугата С.О.С линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година и во колкав износ? (да се наведе за секоја година одделно)
4. Колку средства биле планирани да се издвојат во буџетот на Центарот за услугата советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово базирано насилство и жртвите на семејното насилство во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
5. Колку средства биле реализирани за услугата советување на жени жртви на родово базирано насилство, деца жртви на родово – базирано насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
6. Кои даватели на социјалните услуги сте ги финансирале за обезбедување на услугата советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано-насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година и во колкав износ? (да се наведе за секоја година одделно).
7.Колку средства биле планирани да се издвојат во буџетот на Центарот за обезбедување на услугата за привремен престој во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
8. Колку средства биле реализирани за услугата за привремен престој во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
9. Кои даватели на социјални услуги сте ги финансирале за обезбедување на услугата за привремен престој во 2022, 2023 и 2024 година и во колкав износ? (да се наведе за секоја година одделно)

Република Северна Македонија
**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

MQS
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1129/0

- ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА –

Оддел за административни и помошно-технички работи

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од имателот на информацијата ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово согласно член 24 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.101/2019),

Ви ја доставува информацијата:

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, Ве известува дека функционира во рамки на Министерство за социјална политика, демографија и млади. Склучувањето на управните договори, планирањето, распределба и реализација на средства се врши преку Министерството за социјална политика, демографија и млади. Поради оваа организациска поставеност ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово не располага со податоци по години за тоа колку средства се планирани и реализирани и кои даватели на социјални услуги се финансирани за услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство, услугата советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство, жртвите на семејно насилство и услугата за привремен престој.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово на ден 12.06.2025 година.

По овластување на В.Д. Директор
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер

Јелена Спасевска

**В.Д. Директор**
Erdi Mehmeti